СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-453/2

29.01.2026 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 5-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 29.01.2026 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Ајхан Сулкоски, а присутни беа и советниците: Жанета Милановска Петреска, Александар Мицкоски, Михајло Данилоски, Ирена Наумоска, Виолета Стефаноска, Бојан Трајкоски, Драган Дејаноски, Мирсад Рамазаноски, Илир Рушани, Шефки Имети, Латифе Имани, Суарта Салију Османи, Асип Зендели, Фадил Емини, Кујтим Касами и Теута Ахмеди Пурелку, Беќир Османи и Стево Стефаноски.

На седницата беа присутни и: Секретарот на општината-Анета Настеска, Валдет Селими, Бурим Кадриу, Ристе Лазаровски, Беким Мустафај, Игор Пејоски, Ленче Србиноска, Мите Димитријоски, Арбен Ристеми-преставници од општинската администрација.

На седницата присуствуваа и новинари од : ТВ Ускана.

**Претседателот на советот** откако канстатира дека има кворум за работа праша дали некој има забелешка на Записникот од 4-та седница на Советот на општина Кичево одржана на 30.12.2025 г.

**Суарта Салију Османи**- Истакна дека има забелешка на Записникот на албански јазик. Во него немало синтакса и речениците на биле правилно редени и на тој начин мислењето излегувало од контест. Пр. на стр. 18 од Записникот стои дека: „Се направи дискриминација на ДУИ, а ние како советници сме група на советници на НАИ и во никој случај не спомнав субјекти. Мислам дека се банализира албанскиот јазик и барам подршка од советниците албанци да не го гласаат Записникот и еднаш засекогаш да се каже стоп за банализирањето“.

Потоа, **Претседателот на Советот** го стави на усвојување Записникот од 4-та седница на Советот одржана на 30.12.2025 г. и истиот се усвои со 11 гласа ЗА. 7 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

За оваа седница Претседателот на Советот го предложи следниот:

**<u>Д Н Е В Е Н   Р Е Д</u>**

1. Предлог Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 г.

2.Предлог Буџетски календар на општина Кичево за 2026 г.

3.Предлог Програма за финансирање на активностите од областа на културата од интерес на општина Кичево и подршка на здруженија на граѓаните за 2026 г.

4.Програма за активностите на Општина Кичево во областа на заштита и спасување.

5.Предлог Програма за активностите на Општина Кичево во областа на заштита од пожари.

6. Предлог Програма за активностите на општина Кичево во областа на образованието.

7. Предлог Програма за активностите на општина Кичево во областа на спортот и рекреацијата за 2026 г.

8. Предлог Програма за активностите на општина Кичево во областа на здравствената заштита.

9. Предлог Програма за родова еднаквост.

10. Предлог Програма за уредување  на градежното земјиште за просторот на Општина Кичево за 2026 г.

11. Предлог Иницијатива за задолжување на Одделението за ЛЕР и Одделението за заштита на животната средина за изработка на анализа и подготовка на програма за субвенционирање филтри за оџаци.

12. Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Детален урбанистички план за населба „Под Крушино 2“ со кој ќе се изврши усогласување на намените на земјиштето на кое се изградени бесправните објекти со намената на утврдена во важечката урбанистичко-планска

документација и тоа КП бр.359/1,КО Кичево 5 заради вколопување на бесправен објект.

13.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистичка документација за дел од „ОА за населба „ШУТОВО“ Кичево донесена со Одлука на Совет бр. 08-127/2 од 28.03.2001, за КП.бр.838 и КП.бр.939 КК Шутово во Општина Кичево

14.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Детален урбанистички план за локалитет„Стара чаршија“ Кичево заради вклопување на бесправен објект.

15.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален Урбанистички план за град Кичево заради вклопување на бесправен објект.

16.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален Урбанистички план за град Кичево за населба „Бала Маало“ Општина Кичево“ .

17.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален Урбанистички план за град Кичево за населба „Бала Маало“ Општина Кичево“.

18.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален Урбанистички план за град Кичево за населба „Бала Маало“ Општина Кичево.

19.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Општ акт за населба Долни Осој, донесен со Одлука на совет бр.37715 од 06.04.1997 година за КП.бр.1541/1 КО Осој во Општина Кичево.

20.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Детален урбанистички план за населба „Бала Маало“ донесен со Одлука на совет бр.07-1016/4 од 14.07.2006 г. заради вклопување на бесправни објекти.

21.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Детален урбанистички план за населба „Бала Маало“ Кичево заради вклопување на бесправен објект.

22.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Детален урбанистички план за населба „Бичинци“ Кичево заради вклопување на бесправен објект.

23.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален Урбанистички план за село Зајас донесен со Одлука на совет бр.07-280/2 од 14.06.1999 за КП.бр.174 КО Зајас вон.гр. во Општина Кичево.

24.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на урбанистичка документација за населено место Тајмиште-Кичево заради вклопување на бесправен објект

25. Разно.

**Претседателот на советот** праша дали некој има измена и дополна на Дневниот ред.

**Стево Стефаноски**- Информира дека е одржана Комисија за урбанизам, на која се разгледале точките кои биле од нејзина надлежност и предложи точките: 12,14 и 15 од Дневниот ред за денешната седница да се повлечат од денешната седница, со цел за нив да се доизјасни Секторот за урбанизам.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Дневниот ред со предлогот да се повлечат 12,14и 15 точка и тој се усвои со 11 гласа ЗА. 5 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Се премина на:

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предлог Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 г.

**Бурим Кадриу**-Информира дека врз основа на Законот за државни службеници, Советот треба да донесе Одлука за вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 г. и врдноста на бодот е 81,6.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 г. и таа се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема) и ВОЗДРЖАНИ (нема).

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Буџетски календар на општина Кичево за 2026 г.

**Бурим Кадриу**- Информира дека според член 26 од Законот за финансирање на локалната самоуправа произлегува надлежноста да се донесе Буџетскиот календар. Истакна дека во него се утврдени роковите и активностите за буџетот од јануари до декември. Потоа го образложи.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Буџетскиот календар на општина Кичево за 2026 г. и истиот се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема) и ВОЗДРЖАНИ (нема).

**3.ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Програма за финансирање на активностите од областа на културата од интерес на општина Кичево и подршка на здруженија на граѓаните за 2026 г.

**Михајло Петрески**- Информира дека Министерството за култура објавило конкурс за град на културата за 2026 г. Општината објавила Јавен повик за учество и е поднесено Програма за град на културата. Општината добила известување од Министерството дека е избрана за град на културата за 2026 г. Истакна дека во текот на оваа недела ќе имало уште еден Јавен повик за да аплицираат и други граѓани кои не успеале да аплицираат. И тие што ќе се изберат, од страна на комисијата ќе се изготви Програма за остварување на културата во општината. Буџетот бил од 6 милиони денари и ќе се распредели во Програмата за култура.

**Драган Дејаноски**- Информира дека Комисијата се состанала, ја разгледала Програмата и ја усвоила. Потоа го прочита Извештајот од комисијата.

**Кујтим Касами**- Информира дека било добро што Кичево ќе биде град на културата за 2026 г. и предложи во програмата да се додадат 2 работи и тоа: 7 Март -ден на албанското училиште и 22 Ноември- ден на азбуката на албански јазик и да има награди и манифестациии.

**Шефки Имети**- Праша врз основа на што се распоредени финансиите во програмата и зошто толку средства биле издвоени за прославата за Нова година.

**Михајло Петрески**- Информира дека тие средства се издвоени врз основа на согледувањата и потребите на Одделението за култура.

**Шефкет Имети**- Информира дека не бил против празници, но без критериуми биле издвоени 1 милион и 900 илјади денари за една ноќ, а 600 илјади денари за други културни манифестации. Истакна дека е против тоа и дека сумата за Нова година можела да биде помала.

**Михајло Петрески** – Информира дека ќе се состави Комисија за култура и таа ќе ги разгледа проектите и програмата.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека треба да се земе во предвид мултикултурата и предложи во програмата да се почитуваат сите културни етнички манифестации и да се зајакне соработката . Како советничка група на алијансата побара да се спроведе програмата, а не да остане на хартија. Предложи да се формира работно тело, да се спроведе тоа и да има транспарентност, да има јавен повик за културно етничка соработка, да се организира манифестација за заедничка култура и да има мониторинг за спроведување на програмата.

**Михајло Данилоски**- Упати честитки за тоа што Кичево е избран за град на културата за 2026 г., а со тоа се потврдувала мултиетничноста во општината. Информира дека ќе има Јавни повици на кои ќе конкурираат јавни здруженија кои ќе се опфатат, а комисијата ќе работи врз основа на критериуми.

**Претседателот на советот** го стави предлогот на Кујтим во програмата да се додаде 7 Март -ден на албанското училиште и 22 Ноември- ден на азбуката на албански јазик и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема) и ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за финансирање на активностите од областа на културата од интерес на општина Кичево и подршка на здруженија на граѓаните за 2026 г. со предложената дополна и таа се усвои со 14 гласа ЗА. 5 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Програма за активностите на Општина Кичево во областа на заштита и спасување

**Игор Пејоски**-Информира дека правен основ за оваа програма бил Законот за заштита и спасување и Законот за кризи. Целта на програмата била заштита на животот на граѓаните и растенијата од природни непогоди и несреќи. Активностите биле предвидени со одредени финансиски средства во буџетот на општината.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека на почетокот на годината била актуелна поплавата што ги зафати дел од граѓаните на Кичево. Упати честитки до општината за објавениот Јавен повик во јануари за поплавените објектите на граѓаните. Праша колкава е вредноста на обештетувањето и за етничката застапеност и транспарентноста. Побара да се има толеранција ако имотните листови им биле во процедура, тоа да се имало во предвид.

**Игор Пејоски-** Информира дека општината успешно се справила со поплавите на ул„Прилепска“. Поднесувањето на барања било со рок и имало 200 поднесени барања за штета. Истакна дека има Комисија која секој ден работи на терен. Таа ќе изготвела елаборат, завршен извештај кој ќе одел на совет. Во законот било прдвидено да се обештетат и објектите и лицата кои се затекнати таму на лице место. Неморало да имаат имотни листови за објектот. Откако Извештајот ќе се усвои на Совет се праќал на Влада, таму се разгледувал на седница и се одредувал процент колкав ќе биде надоместокот. Секое барање ќе било процесуирано и ќе се разгледало на следна седница на Совет.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Програмата за активностите на Општина Кичево во областа на заштита и спасување и истата се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**5.ПЕТА ТОЧКА**: Предлог Програма за активностите на Општина Кичево во областа на заштита од пожари

**Игор Пејоски-** Информира дека општината со својата густа населеност и шумски фонд се соочува со пожари кои се актуелни во последно време. За таа цел се изготвува посебна Програма за да се обезбеди заштита на граѓаните. Активностите и средствата биле предвидени во програмата и тие се од буџетот.

**Стево Стефаноски-** Информира дека од точка 4-9 во делот каде се работело за обуките, најмногу акцент се ставало на вработените во јавната администрација, а не бил спомант приватниот сектор. Предложи во иднина и тие да бидат вклопени.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за активностите на Општина Кичево во областа на заштита од пожари и истата се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**6.ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Програма за активностите на општина Кичево во областа на образованието

**Секретарот на општината-** Информира дека во областа на образованието во 2026г. е цел е да се унапреди квалитетот на образованието и транспарентноста на буџетските активности. Планирано е да се подржат сите училишта. Дадени се плус блок дотации на училиштата, предвидени се

ваучери за првачињата, наградаи за учениците кои освоиле први места на државни натпревари и за нивните ментори итн.

**Илир Рушани**- Побара да се опфатат систематските прегледи на вработените во училиштата. Согласно Законот за средно образование секој вработен во средното образование требало да оди на систематски преглед. Истакна дека  во нашето средно образование тоа не било предвидено и не се спроведувало.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека во врска со мултиетничноста треба сеопфатно да се работи и да се има соработка со сите институции и сите програми да се спроведуваат. Предложи да се формира работно тело од професори, родители, ученици од разни етникуми, како и да се има контакт со нашите во дијаспората.

**Теута Ахмеди Пурелку**- Праша дали кај активностите опремување на училишните објекти, се предвидени средства за опремување на кабинетите, спортските сали и за кои училишта се предвидени или тие сами треба да конкурираат.

**Секратарот на општината**- Информира дека се предвидени само средства, а во текот на годината ќе се видело каде тие се потребни.

**Кујтим Касами**- Информира дека во финансискиот дел требало точно да се дефинира за јубилејните награди за 10,20,30 години работен стаж кое е и законска обврска. Знаејќи дека буџетот на училиштата е мал преложи за тоа тука да се предвиди. Истакна дека во с. Србица имало лани организирано летен камп со помош на дијаспората и предложи да се издвои солиден буџет за тоа и за други такви кампови, добро е да продолжи тоа.

**Секретарот на општината**- Информира дека Секторот за образование бил свесен за тоа. Затоа во т.16 напоменала за блок дотациите и училиштата требало да го предвидат тоа. Во оваа Програма немало законска можност тоа да се предвиди.

**Кујтим Касами**- Информира дека може тоа да се направи, бидејќи општината треба да биде координатор за летните школи и да се спроведе во 2-3 школи. Истакна дека тоа би било добро и можеле да се опфатат повеќе интердисциплинарни активности, бидејќи Кичево ќе биде град на културата.

**Стево Стефаноски**- Истакна дека се што е во корист за децата во образованието треба да се поддржи, а за финансиите кои што се предлага сега, тоа требало за време на носењето на буџетот, а не сега.

**Илир Рушани**- Информира дека тоа може да се подржи, бидејќи општината имала предвидено средства, а секое училиште да изготви анекс со потребни финансии и за тоа ќе се одлучело на совет. Во врска со јубилејните награди истакна дека тоа е законска обврска и тоа било потрдвидено во финансискиот план.

**Михајло Данилоски**- Информира дека во оваа Програма тоа не треба да стои, но ако имале потреба училиштата за тоа да изготват посебни Програми и нив да ги достават до Советот да одлучи за нив.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за активностите на Општина Кичево во областа на образованието и истата се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**7.СЕДМА ТОЧКА**: Предлог Програма за активностите на Општина Кичево во областа на спортот и рекреацијата за 2026 г

**Кујтим Касами**- Информира дека комисијата за спорт и млади се состанала и на неа преставникот од општинската администрација Валдет Селими ја образложил програмата. Истакна дека е сеопфатна се усвоила на комисија и предложи и Советот да ја усвои.

**Валдет Селими**- Ја образложи програмата и информира дека во неа се планирани активностите и финансиите за кои се предвидени 5 милиони денари во буџетот и 2 милиони денари од разни фондови и донации. Истакна дека секоја година програмата се проширува. Најважен дел во неа бил маратонот за кој биле предвидени 1 милион денари.

**Фадил Емини**- Праша дали има дискриминација при доделување на средства од програмата.

**Валдет Селими**- Информира дека до сега немало клуб кој конкурирал, а не му биле доделени средства. Информира дека се формира Комисија, се објавува Јавен повик и се реализира програмата. Информира дека таа Програма е во надлежност на Секторот за образование и дека нејзината реализација ќе продолжи со иста пракса како и досега без дискриминација.

Потоа, **Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за активностите на општина Кичево во областа на спортот и рекреацијата за 2026 г и истата се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**8.ОСМА ТОЧКА**: Предлог Програма за активностите на Општина Кичево во областа на здравствената заштита

**Бојан Трајкоски**- Информира дека комисијата се состанала и на неа меѓу другото се расправало и за систематски прегледи на општинската администрација и за донација на општата болница во Кичево на апарат за ехо за прегледи на абдомен и дојка во вредност од 1 милион и 200 илјади денари, бидејќи тој што го имало во болницата бил застарен и не давал добри резултати. Истакна дека имало предлог за поголема афирмација на кампањите преку социјалните мрежи за да се запознаат и младите со нив. Исто така и предлог кампањите да се спроведуваат на територијата на целата општина, а не само во градот. Информира дека програмата се усвоила на комисија.

**Илир Рушани**- Побара систематски прегледи да има за општинската администрација и за средните училишта.

**Секретарот на општината**- Предложи во точка 1 кај активности да се додаде систематски прегледи на средните училишта и на општинската администрација и кампањите да се одвиваат на социјалните медиуми. Исто така во точка 10 кај општата болница да се додаде опрема апарат за ехо за абдомен и дојка.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за активностите на општина Кичево во областа на здравствената заштита со предожените дополни и истата се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Претседателот на советот даде пауза од 15 минути. По паузата седницата продолжи.

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА**: Предлог Програма за родова еднаквост

**Теута Ахмеди Пурелку**- Информира дека Комисијата се состанала и ја разгледала програмата, а потоа и го прочита извештајот од комисијата.

**Секретарот на општината**- Информира дека Претседателот на комисијата сеопфатно го образложи извештајот.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека во програмата се гледало дека општината се залагала и било нормално да се спречи дискриминацијата. Предложи да се формира едно тело како координативно и советодавно тело.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за родова еднаквост со предложените дополни усвоени од комисијата и истата се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**10. ДЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Програма за уредување на градежното земјиште за просторот на Општина Кичево за 2026 г.

**Стево Стефаноски**- Информира дека комисијата за урбанизам се состанала и програмата била образложена од страна на Секторот за урбанизам. Програмата е сеопфатна и за неа комисијата позитвно се изјаснила. Предложи да се усвои од страна на советот.

**Ристе Лазаровски**- Информира дека бил присутен на комисијата и дека тоа било програма за уредување на просторот во Општина Кичево. Истакна дека програмата била во 10 точки и дека таа имала 3 главни компоненти: уредување на градежното земјиште, уредување на канализационата мрежа и плански дел. Главно било носењето на нов ГУП, бидејќи сегашниот бил донесен 1999 г. Можностите за него биле исцрпени и потребно било да се донесе нов план со сите негови составни делови. Истакна дека програмата е развојна.

**Шефки Имети**- Информира дека кај категориите за такси, комуналните такси се високи и наведе пример за нивно намалување. Предложи да се разгледаат и дефинираат зоните, за да се направи промена во износот на плаќањето. Истакна дека таксите за комуналии треба да се намалат.

**Ристе Лазаровски**- Информира дека за комуналиите се добива цена од државниот завод за статистика, кај вредноста на надоместокот 1м2 бил 26 илјади денари и потоа според степенот на уреденост ја утврдувала цената. Колку општината ќе успее да ја уреди, тоа зависело од општината, но на никој не му било ускратено тоа. Ито така, зависело и од тоа колку бил уреден просторот каде тоа се барало.

**Шефки Имети**- Информира дека сето тоа било илузија дека ќе се реализира буџетот. Тој score неможел да се реализира за 4 г., а не за 1 г. Истакна дека имало нерелна распределба на средствата за реконструкција на патната мрежа. Кај населените места каде повеќе живее албанско население имало предвидено само реконструкција на патната мрежа на 13.000 м2, а во тие каде повеќе живее македонско население предвидено било 180.000м2. Исто било и со водоснабдителните системи. За тоа детално образложи. Истакна дека преднос се давало во населените места од македонска националност.

Информира дека во Осломеј имале проблем со водата и тоа требало да го реши општината и да има приоритет. Предложи повторно да се разгледа точката и таа да се стави на дневен ред за друга седница, бидејќи населените места од албанска националност, не биле опфатени.

**Ристе Лазаровски**- Информира дека просторот е подеднакво третиран. Истакна дека лично ги разгледал барањата на околу 83 населени места и се е ставено во програмата. Истакна дека програмата може да се дополни.

**Стево Стефаноски**- Информира дека до сега бил дискриминиран јужниот регион и никој за тоа не реагирал. Предложи да се формира работна група за да се видело каде до сега било инвестирано. На пр. Рбетино, Кленоец итн. Потребно било да се направат анализи за да се види кои се приоритети за реализација, а не да се гледа по тоа каде живее македонско, албанско и др. население.

**Суарта Салију Османи**- Го подрша Шефки и истакна дека Стево велел дека немало досега инвестирано во делот каде живее македонско население. Како адвокат информира дека никој за тоа не се пожалил кај неа и побара да се види дали тоа е точно.

**Шефки Имети** –Информира дека не сакал да зборува за дискриминација. Не знаел како е во градот, но сакал да види колку жители живееле во Осломеј, Зајас, а колку во Вранештица. Во летниот период немало вода за пиењево Осломеј и таму имало околу 8 илјади жители.

**Фадил Емини**- Информира дека бил советник и предходно и дека во Програмата немало делење по региони. Програмите биле изгласувани и се работело според приоритети. Во врска со комуналиите истакна дека тоа се одредувало од Заводот за статистика, како што кажал преставникот и не зависело од нив.

**Шефки Имети**- Информира дека кај вредноста на надоместокот се земале 26 илјади од метар квадратен. Во првата линија според пресметката било 15%, но можело да се намали на 7%, за да се намали и за комуналиите. Во с.Туин требало водоснабдителен систем, немало ниту едно село со водоснабдителен систем што треба да се уреди. Побара програмата да се повлече од дневен ред.

**Фадил Емини**- Го праша како можело да се уреди за  следна седница распределбата и незнае дали од 11 милиони можело да се намали на 5

милиони евра. Секоја улица и пат во с. Гарани ќе се реконструирал, исто и во Мамудовци.

**Шефки Имети**- Информира дека кај Гарани и Мамудовци средствата биле од предходно и незнаел до каде се работите, бидејќи биле прекинати. Истакна дека коефициентот го одредувала општината и зоните исто така. Кај Девејана се плаќало такса исто како и кај 1 зона. Предложи да се формира комисија и таа да види што е приоритетно за градење и тие да одлучат на совет.

Претседателот на советот даде пауза од 5 минути. По паузата седницата продолжи.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за уредување  на градежното земјиште за просторот на Општина Кичево за 2026 г. и истата се усвои со 10 гласа ЗА. 7 гласа ПРОТИВ . 2 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**11.ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Иницијатива за задолжување на Одделението за ЛЕР и Одделението за заштита на животната средина за изработка на анализа и подготовка на програма за субвенционирање филтри за оџаци

**Стево Стефаноски**- Информира дека тој е предлагач на оваа Иницијатива со цел да се добие реална слика за загадувањетот во општината. Истакна дека иако во Кичево нема тешка индустрија сепак градот е многу загаден. Еден од причинителите за тоа било и греењето на дрва, но поголем дел од граѓаните неможеле да обезбедат еколошки средства за греење. Предложи општината да ја разгледа можноста за филтри на оџаците на најголемите загадувачи. Со предлогот се барало стручна финансиска проценка за да можело понатаму да се одредува заштита на амбиенталниот воздух и здрава животна средина за населението. Предложи да се подржи.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Иницијативата за задолжување на Одделението за ЛЕР и Одделението за заштита на животната средина за изработка на анализа и подготовка на програма за субвенционирање филтри за оџаци и истата се усвои со 18 гласа ЗА.  ПРОТИВ (нема) . 1 глас ВОЗДРЖАН.

Дванаесетата точка се повлече од дневен ред и не се расправаше по неа.

**13. ТРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистичка документација за дел од ,,ОА за населба

„ШУТОВО“ Кичево донесена со Одлука на Совет бр. 08-127/2 од 28.03.2001, за КП.бр.838 и КП.бр.939 КК Шутово во Општина Кичево

**Беким Мустафај**- Информира дека се работи за легализација на стамбен објект на приватно земјиште, се барало да се проши урбаниот опфат. Предложи точката да се подржи.

**Стево Стефаноски**- Информира дека се разгледало тоа на комисија и се прифатило. Се наоѓало вон урбанистички опфат, но во дел кој е во земјоделско земјиште, но бил во стамбена зона. Истакна дека кај КП 838 требало да се исправи и да стои КП 938 и 939.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистичка документација за дел од „ОА за населба „ШУТОВО“ Кичево донесена со Одлука на Совет бр. 08-127/2 од 28.03.2001, за КП.бр.938 и КП.бр.939 КК Шутово во Општина Кичево и истата се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема) . ВОЗДРЖАН (нема).

Четиринаесета и петнаесетата точка се повлекоа од дневен ред и не се расправаше по нив.

**16.ШЕСНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален Урбанистички план за град Кичево за населба „Бала Маало“ Општина Кичево“

**Беким Мустафај-** Информира дека се работи за објект изграден на државно земјиште од 16 м2 и не се усвоило на комисија.

**Стево Стефаноски** -Информира дека не се усвоило на комисија, бидејќи таму било предвидено изградба на Дом за стари лица итн. Така било со сите точки од „Бала Маало“, бидејќи неможат да се вклопат во урбанистичкиот план.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален Урбанистички план за град Кичево за населба „Бала Маало“ Општина Кичево“ и истата не се усвои со 2 гласа ЗА. 13 гласа ПРОТИВ . 4 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**17. СЕДУМНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален Урбанистички план за град Кичево за населба „Бала Маало“ Општина Кичево

**Беким Мустафај**- Информира дека се работи за бесправно изграден објект со 29м2, спротивно на урбанистички план.

**Стево Стефаноски**- Информира дека и таа Одлука не се прифатила.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален Урбанистички план за град Кичево за населба „Бала Маало" Општина Кичево и истата не се усвои со 2 гласа ЗА. 12 гласа ПРОТИВ . 5 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**18.ОСУМНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален Урбанистички план за град Кичево за населба „Бала Маало" Општина Кичево

**Беким Мустафај-** Информира дека се работи за објект во државна сопстеност со 24м2 површина надвор од урбан опфат**.**

**Стево Стефаноски-** Информира дека и таа точка не поминала на комисија.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален Урбанистички план за град Кичево за населба „Бала Маало" Општина Кичево и истата не се усвои со: 2 гласа ЗА. 12 гласа ПРОТИВ. 5 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**19.ДЕВЕТНАЕСЕТА ТОЧКА**: .Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Општ акт за населба Долни Осој, донесен со Одлука на совет бр.37715 од 06.04.1997 година за КП.бр.1541/1 КО Осој во Општина Кичево

**Беким Мустафај-** Информира дека објектот од 50 м2 бил изграден во државна сопственост, надвор од урбан опфат**.**

**Стево Стефаноски-** Информира дека не се усвоило на комисија и дека било покрај реката кај Осој и било надвор од урбанистичките норми.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Општ акт за населба Долни Осој, донесен со Одлука на совет бр.37715 од 06.04.1997 година за КП.бр.1541/1 КО Осој во Општина Кичево и истата не се усвои со 2 гласа ЗА. 12 гласа ПРОТИВ. 5 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**20.ДВАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Детален урбанистички план за населба „Бала Маало"

донесен со Одлука на совет бр.07-1016/4 од 14.07.2006 г. заради вклопување на бесправни објекти

**Беким Мустафај** – Информира дека се работи за бесправно изграден објект во државна сопственост, спротивно на урбанистички план, со површина од 75 м2.

**Стево Стефаноски**- Информира дека објектот бил надвор од урбанистички план и не се усвоило на комисија.

Потоа, **Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Детален урбанистички план за населба „Бала Маало“ донесен со Одлука на совет бр.07-1016/4 од 14.07.2006 г. заради вклопување на бесправни објекти и истата не се усвои со 2 гласа ЗА. 12 гласа ПРОТИВ. 5 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**21.ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА**: Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Детален урбанистички план за населба „Бала Маало“ Кичево заради вклопување на бесправен објект

**Беким Мустафај**- Информира дека објектот е со површина од 52 м2 и е надвор од урбан опфат.

**Стево Стефаноски**- Информира дека не се усвоило на комисија.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Детален урбанистички план за населба „Бала Маало“ Кичево заради вклопување на бесправен објект и истата не се усвои со 2 гласа ЗА. 12 глас ПРОТИВ. 5 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**22.ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Детален урбанистички план за населба „Бичинци“ Кичево заради вклопување на бесправен објект

**Беким Мустафај**- Информира дека се работи за бесправно изграден објект во Бичинци од 74 м2 и се бара да се измени урбанистичкиот план на Бичинци. Таму имало предвидено зеленило.

**Стево Стефаноски**- Информира дека не се усвоило на комисија.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Детален урбанистички план за населба „Бичинци“ Кичево заради вклопување на бесправен објект и истата не се усвои со 2 гласа ЗА. 12 гласа ПРОТИВ. 5 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**23.ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален Урбанистички план за село Зајас донесен со Одлука на совет бр.07-280/2 од 14.06.1999 за КП.бр.174 КО Зајас вон.гр. во Општина Кичево

**Беким Мустафај**- Информира дека се работи за викендица која била во с.Тајмиште и била надвор од урбан опфат.

**Стево Стефаноски**- Информира дека небило покриено со ДУП и ГУП и било блиску до Маврово – Ростуше. Се работело само за еден објек и бил на границата со Кичево.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален Урбанистички план за село Зајас донесен со Одлука на совет бр.07-280/2 од 14.06.1999 за КП.бр.174 КО Зајас вон.гр. во Општина Кичево и истата не се усвои со 7 гласа ЗА. 12 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**24.ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на урбанистичка документација за населено место Тајмиште-Кичево заради вклопување на бесправен објект

**Беким Мустафај**- Информира дека се работи за легализација на објекти делумно бесправно изградени, а делумно не. Имало разлика во површината во катастарот. За да се легализира потребно било да се донесе Одлука.

**Стево Стефаноски**- Информира дека дел од објектите биле заведени во катастар, а дел не одговарало на тоа. Објектите се поклопувале. Предходно имале техничка документација и затоа биле запишани во катастар.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на урбанистичка документација за населено место Тајмиште-Кичево заради вклопување на бесправен објект и истата не се усвои со 9 гласа ЗА. 9 гласа ПРОТИВ. 1 глас ВОЗДРЖАН.

**25.ДВАЕСЕТ И ПЕТА ТОЧКА**: Разно

**Илир Рушани**- Информира дека имаат должност, а и на координација побарале да биде присутен Градоначалникот или Градежниот инспектор на оваа седица, за да објаснат за редоследот на објектите кои ќе се рушат и да

видат врз основа на кое Решение се бара тоа. Побара објаснување од Секретарот или од Претседателот на советот зошто не се присутни тие.

**Секретарот на општината** -Информира дека може да им се одговори писмено или на наредната седница, бидејќи Инспекторатот е под посебна надлежност и неможела таа да одговори во врска со тоа.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека согласно член 37 од ЗЛС органи на општината се Советот и Градоначалникот. Во консултација со граѓаните имале барање да се одговори во врска со рушењето на објектите. Советниците од НАИ биле кај Градоначалникот и постои селективност на инспекторот, бидејќи објектите кои ќе се рушат инвеститори биле албанци. Исто така, постоела грижа кај стопанствениците кои имале Договор за соработка со општината, Градоначалникот не им ги потпишувал за да се реализираат работите.

**Валдет Селими**- Информира дека на координација се побарало да биде присутен на седница Градежниот инспектор, а не и Градоначалникот. Инспекторката е обавестена и рече дека за тоа одговорност требало да сноси некој од  Кабинетот на Градомначалникот. Истакна дека го немал известено Градоначалникот за да присуствува на седница.

**Илир Рушани**- Информира дека бидејќи не дошол инспекторот требало да дојде некој од Кабинетот. Побара на следната седница да биде присутен Градоначалникот и тој да ја објаснел за развојот на постапката за рушење. За тоа побара подршка од советниците.

**Стево Стефаноски**- Информира дека е тоа чуствителна тема и дека и тој го подржува предлогот да биде присутен Градоначалникот. Истакна дека околу Одобренијата за градење се злоупотребувал терминот венец на објектот и побара правилно да се тумачи Законот за градење и сите инвеститори да го почитуваат законот во врска со тоа. Информира дека многу улуци биле раскопани во градот со градбите и не биле санирани. Побара да се разговара и за тоа.

**Валдет Селими**- Информира дека потребно е да се има во предвид и да бараат посебна седница на која ќе присуствува Градоначалникот и стручните служби и на неа да се расправа за тоа.

**Илир Рушани**- Го подржа Валдет и предложи наредната седница да биде со една точка и на неа да присуствува Градоначалникот и соодветните служби. Во врска со техничкиот аспект за седницата истакна дека

материјалите се пуштаат електронски. Праша дали советот има донесено Одлука советниците да добијат ЛАП ТОП, бидејќи не можеле материјалите да ги спуштат на телефон.

**Валдет Селими**- Информира дека Советот во 2014 г. донел Одлука материјалите на советниците да им се доставуваат електронски, а не писмено (печатени). Истакна дека Општината требало да ги снабди со ЛАП ТОП, но до каде е тоа требало да одговорат од кабинетот на Градоначалникот.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен дневниот ред за оваа седница, Претседателот на советот ја затвори седницата во 13 часот и 30 минути.

Записничар Совет на општина Кичево

Ленче Србиноска Претседател

Ајхан

Сулковски